# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на вториот квартал од 2015 година

септември 2015 година

**Бруто надворешниот долг** на крајот на вториот квартал од 2015 година изнесуваше 6.342 милиона евра и спореден со состојбата на крајот на претходниот квартал е зголемен за 100 милиони евра. Притоа, приватниот долг е зголемен за 65 милиони евра, додека јавниот долг е зголемен за 35 милиони евра. На крајот на вториот квартал **бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.271 милион евра и бележат квартално намалување за 38 милиони евра, за што подеднакво придонесуваат и јавните и приватните побарувања. Следствено, во вториот квартал од 2015 година **нето надворешниот долг** е зголемен за 137 милиони евра и изнесува 2.071 милион евра.

**Во однос на крајот на 2014 година**, бруто надворешниот долг е повисок за 350 милиони евра, од кои 60,7% се однесуваат на зголемениот јавен долг. Притоа, долгот врз основа на репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] бележи зголемување од 334 милиони евра. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг од почетокот на годината е зголемен за само 21 милион евра, што произлегува од зголемувањето на приватниот долг за 137 милиони евра, при истовремено намалување на јавниот долг за 116 милиони евра (намалување на долгот на државата за 149 милиони евра, во најголем дел поради отплатените обврски врз основа на заеми кон ММФ). Бруто надворешните побарувања се повисоки за 124 милиони евра, како резултат на зголемените јавни побарувања (главно поради пласманите на Народната банка преку обратни репо-трансакции). Без репо-трансакциите, бруто надворешните побарувања се пониски за 205 милиони евра. На нето-основа, надворешниот долг е зголемен за 226 милиони евра од почетокот на годината.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во текот на вториот квартал од 2015 година е зголемена за 194 милиони евра, што во најголем дел произлегува од гореспоменатиот раст на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 137 милиони евра), надополнет со растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 56 милиони евра). Со тоа, на крајот на вториот квартал на 2015 година, негативната нето МИП достигна 4.800 милиони евра, или 53,3% од БДП. И натаму, најголем дел (84%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 75% се врз основа на сопственички капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2014 | | 31.03.2015 | | 30.06.2015 | | промена во однос на крај на претходна година | | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **5,992.3** | **70.2** | **6,242.6** | **69.3** | **6,342.2** | **70.4** | **349.9** | **5.8** | **0.2** | **99.6** | **1.6** | **1.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***5,992.3*** | ***70.2*** | ***5,989.4*** | ***66.5*** | ***6,013.3*** | ***66.8*** | **21.0** | **0.4** | **-3.5** | **23.9** | **0.4** | **0.3** |
| Долгорочен долг | 4,654.6 | 54.5 | 4,659.6 | 51.7 | 4,650.8 | 51.6 | -3.8 | -0.1 | -2.9 | -8.8 | -0.2 | -0.1 |
| Краткорочен долг | 1,337.7 | 15.7 | 1,583.0 | 17.6 | 1,691.4 | 18.8 | 353.7 | 26.4 | 3.1 | 108.4 | 6.8 | 1.2 |
| Јавен долг | 2,846.8 | 33.4 | 3,024.9 | 33.6 | 3,059.2 | 34.0 | 212.5 | 7.5 | 0.6 | 34.4 | 1.1 | 0.4 |
| Приватен долг | 3,145.5 | 36.9 | 3,217.8 | 35.7 | 3,283.0 | 36.5 | 137.5 | 4.4 | -0.4 | 65.2 | 2.0 | 0.7 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,147.2** | **48.6** | **4,308.9** | **47.8** | **4,271.2** | **47.4** | **124.0** | **3.0** | **-1.2** | **-37.7** | **-0.9** | **-0.4** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,147.2*** | ***48.6*** | ***4,055.6*** | ***45.0*** | ***3,942.2*** | ***43.8*** | **-205.0** | **-4.9** | **-4.8** | **-113.4** | **-2.8** | **-1.3** |
| **Нето надворешен долг** | **1,845.1** | **21.62** | **1,933.7** | **21.5** | **2,071.0** | **23.0** | **226.0** | **12.2** | **1.4** | **137.3** | **7.1** | **1.5** |
| **МИП, нето** | **-4,549.0** | **-53.3** | **-4,606.3** | **-51.1** | **-4,799.8** | **-53.3** | **-250.8** | **5.5** | **0.0** | **-193.6** | **4.2** | **-2.1** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешниот долг, заклучно со вториот квартал на 2015 година, достигна 6.342 милиона евра, или 70,4% од проектираниот БДП за оваа година, при квартален раст на обврските од 100 милиони евра (или 1,6%).

Бруто надворешниот долг во однос на крајот на 2014 година е повисок за 350 милиони евра (или 5,8%).




Извор: НБРМ.

Во структурата на бруто надворешниот долг и понатаму преовладува приватниот надворешен долг (со учеството од 51,8%).




Извор: НБРМ.

Рочната структура на бруто-долгот и натаму е поволна, со доминантно учество на долгорочниот долг. Сепак, од почетокот на годината се забележува континуиран раст на учеството на краткорочните обврски (зголемување за 4,4 п.п.).




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура на бруто надворешниот долг, доминантни носители на надворешната задолженост се секторот држава и останатите сектори, со речиси изедначено учество од 31,2% и 31,1%, соодветно. По нив, следува долгот на капитално поврзаните субјекти (21,6%) и банките (9,6%).




Извор: НБРМ.

Доминантен дел, или 67,3% од бруто надворешната задолженост на земјата, е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити, со учество од 17,6%.




Извор: НБРМ.

Анализата на валутната структура на заемите, како доминантен инструмент, покажува дека најголем дел од обврските на крајот на вториот квартал на 2015 година се во евра.




Извор: НБРМ.

Растот на бруто надворешниот долг во вториот квартал на 2015 година, произлегува од зголемениот приватен долг за 65 милиони евра, и зголемениот јавен долг за 35 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во услови на намалување на долгот на државата за 44 милиони евра, растот на јавниот надворешен долг главно се должи на зголемените краткорочни заеми кај монетарната власт за 75 милиони евра (во рамки на операциите за управување со девизните резерви).




Извор: НБРМ.

Главни двигатели на растот на приватниот надворешен долг во вториот квартал од 2015 година се меѓукомпанискиот долг (за 32 милиона евра) и долгот на небанкарскиот приватен сектор (за 27 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано според институционални сектори, главен носител на кварталниот раст на надворешната задолженост е централната банка (пораст на краткорочните обврски по репо трансакции). Ова делумно беше неутрализирано со намалувањето на долгот на секторот држава, и тоа врз основа на отплата на заеми и намалена пазарна вредност на еврообврзниците.




Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2014 година, најголем дел од растот на бруто-долгот произлегува од јавниот сектор (213 милиони евра). Притоа, доколку се исклучи ефектот од репо-трансакциите на централната банка, јавниот долг е намален за 116 милиони евра. Приватниот долг е зголемен за 137 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на бруто-долгот во првата половина од годината произлегува од централната банка (334 милиони евра, најмногу врз основа на репо-трансакциите), останатите сектори (95 милиони евра) и од меѓукомпанискиот долг (76 милиони евра). Кај секторот „држава“ бележиме намалување на долгот за 149 милиони евра.




Извор: НБРМ.

На карјот на јуни 2015 година, бруто надворешните побарувања изнесуваат 4.271 милион евра, односно 47,4% од проектираниот БДП за оваа година. Во текот на вториот квартал побарувањата од нерезиденти се намалени за 38 милиони евра (или 0,9%).

Во однос на крајот од 2014 година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 124 милиони евра (или 3,0%).




Извор: НБРМ.

Во вториот квартал на 2015 година речиси и нема промена во структурата на побарувањата, додека споредено со крајот на 2014 година бележиме зголемено учество на јавните бруто надворешни побарувања за 1,6 п.п..

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, кв.2 2015 година




Извор: НБРМ.

Втор последователен квартал краткорочните побарувања минимално преовладуваат во структурата на вкупните побарувања, со учество од 51,2%. Во однос на крајот на 2014 година нивното учество е зголемено за 5,1 п.п..




Извор: НБРМ.

Најголем дел, или 55,1% од бруто надворешните побарувања, ѝ припаѓаат на централната банка. По нив следуваат побарувањата на останатите сектори со 21,1% и побарувањата на депозитните институции со 14,1% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Анализата на структурата врз основа на должнички инструменти покажува доминантно учество на хартиите од вредност (42,3%), по што следат трговските кредити и аванси (24,2%), валутите и депозитите (18,7%) и заемите (14,6%).




Извор: НБРМ.

Намалувањето на бруто надворешните побарувања во вториот квартал на 2015 година се објаснува со подеднаков пад на приватните и јавните побарувања (за по 19 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување кај приватните надворешни побарувања во вториот квартал на 2015 година произлегува од намалените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (главно по основ на трговски кредити и аванси) и на приватните банки. Наспроти нив, побарувањата меѓу поврзаните субјекти забележаа зголемување од 28 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталното намалување на бруто побарувањата се должи на намалувањето на бруто побарувањата на останатите сектори (за 29 милиони евра), на депозитните институции (за 18 милиони евра) и централната банка (за 17 милиони евра), при истовремено зголемување на побарувањата по заеми меѓу поврзани субјекти (за 28 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2014 година, зголемувањето на надворешните побарувања произлегува во целост од јавните надворешни побарувања, кои се зголемени за 137 милиони евра, само делумно нетирано со намалувањето на приватните побарувања за 13 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Најголем придонес за кумулативниот раст на вкупните надворешни побарувања од почетокот на годината имаат централната банка (со 132 милиони евра) и останатите сектори (со 24 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Поради растот на бруто надворешниот долг и намалувањето на бруто надворешните побарувања на земјата, во вториот квартал од 2015 година нето надворешниот долг е зголемен за 137 милиони евра (7,1%), со што достигна ниво од 2.071 милиони евра (23% од проектираниот БДП).

Во однос на крајот на 2014 година, нето надворешниот долг е зголемен за 226 милиони евра (12,2%).




Извор:НБРМ.

Главната причина за растот на нето-долгот е зголемувањето на приватниот нето-долг, кој и понатаму има најголемо учество во нето-долгот, од 68,5%.




Извор:НБРМ.

Од аспект на состојбите на нето-задолженоста, освен централната банка, сите други сектори се нето-должници кон странство. Најголем нето-должник е државата, чијшто нето надворешен долг изнесува 1.922 милиона евра.

Од аспект на движењата, најголем придонес за растот на нето-долгот, како на квартална, така и на кумулативна основа, имаат централната банка, останатите сектори и капитално поврзаните субјекти.




Извор: НБРМ.

Во текот на вториот квартал на 2015 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 194 милиони евра (за 2,1 п.п. од БДП), достигнувајќи 4.800 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, најголем дел (84%) се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 75% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Придонес за кварталниот пораст на негативната нето МИП имаат и обврските (раст од 147 милиони евра) и средствата (намалување за 46 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, и должничките и сопственичките инструменти делуваат во насока на зголемување на МИП, нето. Во текот на вториот квартал, нето-обврските врз основа на должнички инструменти се зголемени за 137 милиони евра, а врз основа на сопственички инструменти, за 56 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Кумулативниот раст на негативната нето МИП (од 251 милион евра), главно се објаснува со растот на нето-долгот за 226 милиони евра, при умерен раст на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти за 25 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти во вториот квартал главно се должи на растот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 49 милиони евра), при истовремено намалување на средствата во монетарно злато (за 7 милиони евра, главно заради курсните промени).

Во првата половина од годината, растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти се должи на растот на сопственичкиот капитал во рамки на директните инвестиции.

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 163.3 | 157.7 | 139.9 | 153.4 | -4.3 | -2.7 | 13.5 | 9.6 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 165.6 | 164.8 | 680.8 | 674.4 | 689.1 | 660.8 | -13.6 | -2.0 | -28.2 | -4.1 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 4,133.8 | 4,255.1 | 4,323.5 | 3,981.8 | 4,185.0 | 4,270.6 | 288.7 | 7.3 | 85.6 | 2.0 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,092.5 | 1,077.0 | 1,087.6 | 1,040.1 | 1,085.2 | 1,114.5 | 74.4 | 7.1 | 29.2 | 2.7 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 76.6 | 78.2 | 83.5 | 82.9 | 4.7 | 6.0 | -0.6 | -0.7 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,242.6** | **6,342.2** | **349.9** | **5.8** | **99.6** | **1.6** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.9 | 1,976.8 | -148.8 | -7.0 | -44.1 | -2.2 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 333.7 | 426.8 | 75.1 | 22.3 |
| Депозитни институции, освен централна банк | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 606.1 | 607.9 | 582.8 | 614.4 | 601.9 | 608.5 | -6.0 | -1.0 | 6.6 | 1.1 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,792.6 | 1,905.3 | 1,928.3 | 1,879.8 | 1,944.7 | 1,974.7 | 94.9 | 5.0 | 30.0 | 1.5 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,227.9 | 1,250.3 | 1,298.2 | 1,294.2 | 1,338.4 | 1,370.4 | 76.2 | 5.9 | 32.0 | 2.4 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,242.6** | **6,342.2** | **349.9** | **5.8** | **99.6** | **1.6** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.3** | **66.0** | **67.3** | **74.3** | **70.2** | **69.3** | **70.4** | | 0.2 | | 1.1 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,326.1*** | ***5,442.7*** | ***6,033.1*** | ***5,992.3*** | ***5,989.4*** | ***6,013.3*** | **21.0** | **0.4** | **23.9** | **0.4** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.3*** | ***62.4*** | ***63.8*** | ***70.7*** | ***70.2*** | ***66.5*** | ***66.8*** | | -3.5 | | 0.3 |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 3,947.4 | 4,037.0 | 4,636.2 | 4,654.6 | 4,659.6 | 4,650.8 | -3.8 | -0.1 | -8.8 | -0.2 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,683.0 | 1,709.8 | 1,701.8 | 1,337.7 | 1,583.0 | 1,691.4 | 353.7 | 26.4 | 108.4 | 6.8 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 70.1 | 70.2 | 73.1 | 77.7 | 74.6 | 73.3 | | -4.3 | | -1.3 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 29.9 | 29.8 | 26.9 | 22.3 | 25.4 | 26.7 | | 4.3 | | 1.3 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.3 | 46.3 | 47.3 | 54.3 | 54.5 | 51.7 | 51.6 | | -2.9 | | -0.1 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 15.0 | 19.7 | 20.0 | 19.9 | 15.7 | 17.6 | 18.8 | | 3.1 | | 1.2 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,505.0** | **2,582.6** | **3,141.6** | **2,846.8** | **3,024.9** | **3,059.2** | **212.5** | **7.5** | **34.4** | **1.1** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.9 | 1,976.8 | -148.8 | -7.0 | -44.1 | -2.2 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 333.7 | 426.8 | 75.1 | 22.3 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 670.6 | 27.6 | 4.3 | 3.4 | 0.5 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,125.4** | **3,164.2** | **3,196.4** | **3,145.5** | **3,217.8** | **3,283.0** | **137.5** | **4.4** | **65.2** | **2.0** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 44.5 | 44.9 | 49.6 | 47.5 | 48.5 | 48.2 | | 0.7 | | -0.2 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 55.5 | 55.1 | 50.4 | 52.5 | 51.5 | 51.8 | | -0.7 | | 0.2 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.8 | 29.4 | 30.3 | 36.8 | 33.4 | 33.6 | 34.0 | | 0.6 | | 0.4 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.6 | 36.6 | 37.1 | 37.5 | 36.9 | 35.7 | 36.5 | | -0.4 | | 0.7 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 846.3 | 896.5 | 874.4 | 799.1 | -97.4 | -10.9 | -75.3 | -8.6 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | 1,945.6 | 1,943.7 | 1,840.9 | 1,805.4 | -138.4 | -7.1 | -35.6 | -1.9 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 801.5 | 763.6 | 730.4 | 286.7 | 523.7 | 625.2 | 338.5 | 118.1 | 101.4 | 19.4 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 930.3 | 1,012.8 | 1,051.6 | 1,014.5 | 1,063.2 | 1,035.0 | 20.6 | 2.0 | -28.2 | -2.6 |
| Останати обврски | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 0.2 | 13.9 | 0.1 | 3.8 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 4.1 | 4.3 | 5.0 | 4.8 | 0.5 | 12.6 | -0.2 | -3.3 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,308.9** | **4,271.2** | **124.0** | **3.0** | **-37.7** | **-0.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 55.8 | 54.4 | 4.6 | 9.2 | -1.4 | -2.6 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 132.2 | 6.0 | -17.4 | -0.7 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 538.2 | 532.4 | 586.0 | 641.1 | 619.4 | 601.4 | -39.8 | -6.2 | -18.1 | -2.9 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 809.7 | 883.0 | 904.1 | 875.1 | 928.0 | 899.2 | 24.0 | 2.7 | -28.8 | -3.1 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 558.5 | 528.9 | 508.6 | 360.3 | 335.2 | 363.2 | 3.0 | 0.8 | 28.1 | 8.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,308.9** | **4,271.2** | **124.0** | **3.0** | **-37.7** | **-0.9** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.7** | **46.8** | **46.4** | **53.7** | **48.6** | **47.8** | **47.4** | | **-1.2** | | **-0.4** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***3,686.4*** | ***3,651.4*** | ***4,273.3*** | ***4,147.2*** | ***4,055.6*** | ***3,942.2*** | **-205.0** | **-4.9** | **-113.4** | **-2.8** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***0.0*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.7*** | ***43.2*** | ***42.8*** | ***50.1*** | ***48.6*** | ***45.0*** | ***43.8*** | | **-4.8** | | **-1.3** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,079.4 | 1,833.1 | 2,348.4 | 2,235.6 | 2,109.8 | 2,082.6 | -152.9 | -6.8 | -27.1 | -1.3 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.3 | 2,122.4 | 2,231.1 | 1,911.6 | 2,199.1 | 2,188.5 | 276.9 | 14.5 | -10.6 | -0.5 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 52.1 | 46.3 | 51.3 | 53.9 | 49.0 | 48.8 | | -5.1 | | -0.2 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 47.9 | 53.7 | 48.7 | 46.1 | 51.0 | 51.2 | | 5.1 | | 0.2 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.8 | 24.4 | 21.5 | 27.5 | 26.2 | 23.4 | 23.1 | | -3.1 | | -0.3 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.9 | 22.4 | 24.9 | 26.1 | 22.4 | 24.4 | 24.3 | | 1.9 | | -0.1 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,084.3** | **2,011.2** | **2,580.8** | **2,270.6** | **2,426.3** | **2,407.4** | **136.8** | **6.0** | **-18.9** | **-0.8** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 55.8 | 54.4 | 4.6 | 9.2 | -1.4 | -2.6 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 132.2 | 6.0 | -17.4 | -0.7 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,906.4** | **1,944.3** | **1,998.7** | **1,876.5** | **1,882.6** | **1,863.8** | **-12.8** | **-0.7** | **-18.8** | **-1.0** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 52.2 | 50.8 | 56.4 | 54.8 | 56.3 | 56.4 | | 1.6 | | 0.1 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 47.8 | 49.2 | 43.6 | 45.2 | 43.7 | 43.6 | | -1.6 | | -0.1 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.8 | 24.4 | 23.6 | 30.2 | 26.6 | 26.9 | 26.7 | | 0.1 | | -0.2 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.9 | 22.3 | 22.8 | 23.4 | 22.0 | 20.9 | 20.7 | | -1.3 | | -0.2 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -682.9 | -738.8 | -734.5 | -645.7 | 93.1 | -12.6 | 88.8 | -12.1 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,230.4 | -1,264.8 | -1,269.3 | -1,151.9 | -1,144.5 | 124.8 | -9.8 | 7.4 | -0.6 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,332.2 | 3,491.5 | 3,593.1 | 3,695.1 | 3,661.2 | 3,645.4 | -49.7 | -1.3 | -15.8 | -0.4 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 162.2 | 64.2 | 35.9 | 25.7 | 22.0 | 79.5 | 53.8 | 209.7 | 57.4 | 260.5 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 58.5 | 58.4 | 58.3 | -0.2 | -0.4 | -0.1 | -0.1 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 72.5 | 73.9 | 78.5 | 78.1 | 4.2 | 5.6 | -0.4 | -0.5 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,933.7** | **2,071.0** | **226.0** | **12.2** | **137.3** | **7.1** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,965.1 | 1,922.4 | -153.4 | -7.4 | -42.7 | -2.2 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | 201.5 | -9.4 | 92.6 | -4.6 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | 67.8 | 75.4 | -3.2 | -26.7 | -17.5 | 7.1 | 33.8 | -126.6 | 24.6 | -140.5 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 982.9 | 1,022.4 | 1,024.3 | 1,004.7 | 1,016.7 | 1,075.6 | 70.8 | 7.1 | 58.9 | 5.8 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 669.4 | 721.4 | 789.5 | 933.9 | 1,003.3 | 1,007.2 | 73.3 | 7.8 | 3.9 | 0.4 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,933.7** | **2,071.0** | **226.0** | **12.2** | **137.3** | **7.1** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.7** | **19.2** | **21.0** | **20.6** | **21.6** | **21.5** | **23.0** | | **1.4** | | **1.5** |
| Долгорочен долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 1,868.0 | 2,203.9 | 2,287.8 | 2,419.1 | 2,549.8 | 2,568.2 | 149.1 | 6.2 | 18.4 | 0.7 |
| Краткорочен долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -228.3 | -412.6 | -529.3 | -574.0 | -616.1 | -497.1 | 76.8 | -13.4 | 119.0 | -19.3 |
| Долгорочен долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 113.9 | 123.0 | 130.1 | 131.1 | 131.9 | 124.0 | | -7.1 | | -7.9 |
| Краткорочен долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -13.9 | -23.0 | -30.1 | -31.1 | -31.9 | -24.0 | | 7.1 | | 7.9 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.5 | 21.9 | 25.8 | 26.8 | 28.3 | 28.3 | 28.5 | | 0.2 | | 0.2 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.9 | -2.7 | -4.8 | -6.2 | -6.7 | -6.8 | -5.5 | | 1.2 | | 1.3 |
| **Јавен долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **420.7** | **571.4** | **560.8** | **576.1** | **598.6** | **651.9** | **75.7** | **13.1** | **53.3** | **8.9** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,965.1 | 1,922.4 | -153.4 | -7.4 | -42.7 | -2.2 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | 201.5 | -9.4 | 92.6 | -4.6 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 670.6 | 27.6 | 4.3 | 3.4 | 0.5 |
| **Приватен долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,219.0** | **1,219.9** | **1,197.7** | **1,268.9** | **1,335.2** | **1,419.2** | **150.3** | **11.8** | **84.0** | **6.3** |
| Јавен долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 25.7 | 31.9 | 31.9 | 31.2 | 31.0 | 31.5 | | 0.2 | | 0.5 |
| Приватен долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 74.3 | 68.1 | 68.1 | 68.8 | 69.0 | 68.5 | | -0.2 | | -0.5 |
| Јавен долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 4.9 | 6.7 | 6.6 | 6.8 | 6.6 | 7.2 | | 0.5 | | 0.6 |
| Приватен долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.7 | 14.3 | 14.3 | 14.0 | 14.9 | 14.8 | 15.8 | | 0.9 | | 0.9 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | Кв.3-2014 | Кв.4-2014 | Кв.1-2015 | Кв.2-2015 | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549.0** | **-4,606.3** | **-4,799.8** | **-193.6** | **4.2** | **-250.8** | **5.5** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,404.0 | 4,392.5 | 5,034.1 | 4,634.0 | 4,835.0 | 4,788.8 | -46.2 | -1.0 | 154.8 | 3.3 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 8,993.9 | 9,052.7 | 9,586.3 | 9,183.0 | 9,441.2 | 9,588.6 | 147.4 | 1.6 | 405.6 | 4.4 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-56.2** | **-53.8** | **-54.6** | **-53.3** | **-53.3** | **-51.1** | **-53.3** | | **-2.1** | | **0.0** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | -1,961.1 | -1,918.4 | 42.7 | -2.2 | 153.4 | -7.4 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | -99.4 | -4.4 | -186.3 | -7.9 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -604.9 | -621.2 | -550.6 | -534.5 | -542.7 | -566.9 | -24.2 | 4.5 | -32.4 | 6.1 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,275.2 | -4,282.0 | -4,266.3 | -4,301.6 | -4,374.6 | -4,487.1 | -112.6 | 2.6 | -185.6 | 4.3 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,839.5 | -3,824.4 | -3,825.5 | -3,902.7 | -3,981.2 | -4,033.6 | -52.4 | 1.3 | -130.9 | 3.4 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -147.6 | -137.8 | -643.2 | -621.7 | -617.8 | -590.4 | 27.4 | -4.4 | 31.2 | -5.0 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.3 | -3.4 | -3.5 | -3.5 | -3.5 | 0.0 | 0.7 | -0.1 | 2.0 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | -31.4 | -6.8 | -34.2 | -7.3 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,818.6 | -2,891.5 | -2,907.3 | -2,926.3 | -2,837.6 | -2,824.2 | 13.4 | -0.5 | 102.1 | -3.5 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | -12.7 | 50.9 | 61.6 | 79.4 | 97.6 | 46.5 | -51.1 | -52.4 | -32.9 | -41.4 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 0.1 | 3.8 | 0.2 | 13.9 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | -100.0 | -4.2 | -181.6 | -7.5 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | 0.6 | -0.7 | -4.7 | 6.0 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2014 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 13.3.2015). Податокот за 2015 година е  проекција на НБРМ.

Извор:НБРМ.